ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2021 ГОДИНА КАЈ ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2022 07 08/2

Скопје, март 2023 година

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 11 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 12 |
| Биланс на состојба | 13 |
| Промени на капиталот | 14 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 15 - 17 |
| - Сметководствени политики | 17 - 20 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 20 - 27 |

Прилог 1 - Преглед на резултатите од преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 12-98/12 од 25.09.2018 година за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2017 година на Општина Свети Николе

Прилог 2 - Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Прилог 3 - Одговор на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

**Кратенки користени во извештајот:**
Општина - Општина Свети Николе
ЈКП - Јавно комунално претпријатие „Комуналец“ Свети Николе
НВО - Невладини организации
ФК - Фудбалски клуб

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 29-215/9
Дата: 15.03.2023

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Свети Николе, на сметката на основен буџет (637), за 2021 година.

За финансиските извештаи за 2021 година на сметката на основниот буџет (637) на Општина Свети Николе изразивме мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија и издаден извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеноста за 2017 година и изразено е неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за наведената ревизија при што констатирано е дека пет препораки се спроведени, една е делумно спроведена и две препораки не се спроведени.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2021 година, заедно со ревизија на усогласеност ги констатиравме следниве состојби:

- градоначалникот на општината нема одредено одговорен сметководител;
- доделување на средства за активностите од областа на спортот, културата и за поддршка на невладиниот сектор се врши без утврдени критериумите и не се доставуваат извештаи од крајните корисници, за реализација на доделените средства од Буџетот на Општината;

- на материјалните средства во подготовка не е извршен попис;
- системот за водоснабдување „Дивјак“ кој е во употреба сеуште се води во сметководствената евиденција на позиција материјални средства во подготовка;
- извршени се работи без спроведена постапка за јавна набавка и
- вршени се исплати без комплетна документација.

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Од страна на градоначалникот на Општина Свети Николе добиена е една забелешка на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за сметката на основен буџет (637) и истата не е прифатена.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 12 до 14 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Свети Николе на сметката на основен буџет (637), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на изворите на капиталните средства и Преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Општина Свети Николе за сметката на основен буџет (637) за 2017 година и изразено е неповолно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности во финансиските извештаи, а за усогласеност на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики, изразено е мислење со резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на градоначалникот на Општината, застапувано од:

- м-р Сашо Велковски – градоначалник на Општина Свети Николе од 21.10.2017 година до 26.10.2021 година;
- Дејан Владев – градоначалник на Општина Свети Николе од 27.10.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на Општината е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во

финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на Општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на градоначалникот на Општината, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со

ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 07.09.2022 година до 25.11.2022 година во Општината Свети Николе од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2017 година на Општина Свети Николе, презентирано во Прилог 1 кон овој Извештај, при што од осум издадени препораки констатирано дека пет се спроведени, една е делумно спроведена и две препораки не се спроведени.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и одговорните лица на Општината на ден 23.12.2022 година.

На ден 10.03.2023 година, од градоначалникот на Општина Свети Николе добиена е една забелешка на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Свети Николе број 0303-133/2 од 06.03.2023 година, за сметката на основен буџет (637), заведена во Државниот завод за ревизија под број 29-215/7 од 09.03.2023 година. Забелешката се однесува на точката 4.3.1. и не е прифатена поради не доставени дополнителни докази кои влијаат на утврдената состојба.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Од извршената ревизија утврдивме дека во Општината нема назначено

одговорен сметководител и завршните сметки за 2021 година се изготвени и потпишани од вработен на работно место раководител на одделение за буџетска координација, буџетска контрола, сметководство и плаќање, во секторот за финансиски прашања врз основа на издадено Овластување[1] од страна на градоначалникот на општината.
Оваа состојба согласност не е во согласност со член 36 од Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа и член 16 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, каде е утврдено дека градоначалникот на општината треба да одреди одговорен сметководител за водење на деловни книги, сметководствени документи, обработка на податоци и изработка на годишните извештаи за буџетот на општината и има за ефект на несоодветно постапување.

Препорака
Градоначалникот да преземе мерки и активности за одредување на одговорен сметководител во Општината.

4.1.2. Со член 22 од Законот за локалната самоуправа дефинирани се надлежностите и работите од јавен интерес и локално значење кои ги вршат општините, како што се урбанистичко планирање, заштита на животна средина и природата, локален развој, комунални дејности, култура, спортот и рекреација, социјална заштита. Работите кои општината задолжително ги врши се уредуваат со програми кои ги носи Советот на општината, со кои се дефинираат проектите и активностите кои општината планира да ги спроведе во рамки на предвидениот буџет.
Во насока на изготвување на програми од обласа на спортот, културата и поддршка на невладиниот сектор, на 10.10.2020 година објавен е Јавен повик за прибирање на барања за користење на средства од Буџетот на Општината за 2021 година, наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации, спортски клубови, одржување на спортски и културни манифестации. Според Одлуката на Советот на Општината[2] во јавниот повик дефинирани се условите кои треба да ги исполнат подносителите на барања, како што се: да се регистрирани согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации и да се занимаваат со активности и проекти од јавен интерес. На повикот аплицирале девет здруженија, НВО и девет спортски клубови, чии апликации се разгледани од страна на формирана Комисија[3] за финансии и локален економски развој. За својата работа Комисијата има составено Записник[4] за предлог програми за усвојување од Советот на Општината. Од

[1] Број 0901-35/8 од 08.02.2022 година
[2] Број 0701-686 од 29.09.2008 година
[3] Со Решение број 0801-438 од 27.11.2017 година
[4] Број 0801-943/6 од 30.11.2020 година

страна на Советот на Општината за 2021 година донесени се поединечните програми, меѓу кои Програмата во областа за спорт и млади[5] со предвидени средства во износ од 2.270 илјади денари, од кои реализирани се 1.680 илјади денари, Програма за активности во областа на културата[6] со предвидени 3.972 илјади денари и реализирани во износ од 2.982 илјади денари и Програма за активностите за поддршка на невладиниот сектор[7] со предвидени и реализирани 610 илјади денари.
Со извршената ревизија и увид во документацијата за начинот на планирање и реализација на наведените програми за 2021 година го констатиравме следното:

- Постапката на изготвување на програмите и евалуација на апликантите од јавниот повик не се врши врз основа на претходно утврдени критериуми, врз основа на кои Комисијата треба да ги оцени активностите, утврди поединечните износи и распредели средствата кои треба се доделат на секој од апликантите. Ваквата состојба не е согласно член 49 точка 2 од Законот за здруженија на граѓани и фондации, каде е уредено дека советите на општините поблиску ги уредуваат условите за распределба и користење на средствата од буџетот на општината.
- Согласно Програмата во областа за спорт и млади кон ФК Овче Поле се исплатени средства во износ од 1.200 илјади денари и евидентирани расходи трансфери до спортски клубови. Средствата се исплатени врз основа на претходно поднесено барање од клубот за потребни средства за исплата на нето плати, премии и други трошоци за спортскиот клуб, што не е согласно член 22 од Закон за локалната самоуправа и член 22 – а од Закон за спортот, каде се дефинирани надлежностите на општината во областа на финансирање на масовниот спорт. Од страна на клубот не се доставуваат извештаи за начинот и намената за користење на доделените средства, како што е предвидено со член 22 - а став 3 од Закон за спортот.
- Во рамки на Програмата за активности во областа на културата исплатени се средства во износ од 1.600 илјади денари, за изградба на храм и доуредување на црква Света Лидија Македонска, за што не се доставени извештаи, деловен и финансиски за искористени финансиски средства и завршување на предвидените активности, што не е согласно член 49 точка 5 од Законот за здруженија на граѓани и фондации, каде е утврдено дека организациите кои добиле средства од буџетот на општината доставуваат деловен и финансиски извештај до надлежниот орган, односно Општината. Исто така доделувањето на финансиски средства на верски заедници не е во надлежност на општината, согласно

[5] Број 0801-949 од 30.11.2020 година
[6] Број  0801-953 од 30.11.2020 година
[7] Број 0801-958 од 30.11.2020 година.

член 22 од Законот за локална самоуправа и член 19 од Уставот на РМ за одвоеност на верските заедници од државата.

Воспоставениот начин на доделување и реализација на средствата од програмите за финансирање на активностите од областа на спортот, културата и невладиниот сектор, без утврдени критериуми и недоставување на извештаи за реализираните средства од организациите, создава ризик од субјективизам при изборот на апликанти, незаконско користење на средствата и може да влијае на реализирање на програмските активности од јавен интерес потребни за поддршка и развој во Општината.

**Препорака**
Градоначалникот да преземе мерки и активности за:
- да се донесе акт со кој ќе се уреди поблиску начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми, проекти, натпревари и манифестации од обласла на спортот, културата и поддршка на невладиниот сектор и
- доставување на извештаи, финансиски и наративен, од страна на спортски клубови, невладини организации, друштва и здруженија , за реализација на активностите финансирани со доделени средства од Буџетот на Општината.

4.2. **Финансиски извештаи**

4.2.1. Од страна на градоначалникот во општината со Решение[8] формирана е Централна пописна Комисија и пописни комисии за одредени наменски пописи за вршење на годишен попис за 2021 година. Со ревизијата утврдивме дека извршен е годишен попис на средствата и обврските и усвоен Конечен извештај[9] за извршен годишен попис со состојба 31.12.2021 година, при што не е извршен попис на состојбата на материјалните средства во подготовка со состојба 31.12.2021 година заради утврдување на степенот на довршеност на инвестицијата, што не е во согласност со член 29 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и имаат влијание на целосноста и законитоста при спроведување на пописот.

**Препорака**
Градоначалникот да преземе мерки и активности за да се изврши попис и на материјалните средства во подготовка.

---
[8] Број 0901-285/1 од 09.12.2021 година
[9] Број 0901-285/1-8 од 08.02.2022 година

4.2.2. На една од аналитичките сметки од сметката Материјални средства во подготовка искажано е салдо од 7.504 илјади денари кое потекнува од минати години и се однесува на инвестиција на алтернативно водоснабдување „Дивјак“ која е дадена во употреба, а не е пренесена на Материјални средства, што не е согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметковниот план за буџетите и буџетските корисници. Алтернативното водоснабдување не е пренесено на Материјални средства од причина што Општината нема обезбедено документација за ставање во употреба од Министерство за транспорт и врски.

Во текот на ревизијата доставен е допис број 1002-68/45 од 17.10.2022 година до Министерство за транспорт и врски, Сектор за документирање и управување со градежно земјиште, со кој Општината бара да се достави целокупната документација во врска со изградба на Алтернативно водоснабдување на град Свети Николе м.в. „Дивјак“ КО Кнежје Општина Свети Николе граден 2008 година, и до моментот на вршење на ревизијата нема повратен одговор. Наведената состојба има влијание во реалноста и објективноста на искажаните средства и извори на средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2021 година.

Препорака

Градоначалникот и надлежните од секторот за урбанизам од Општина Свети Николе да продолжат со активности за обезбедување документација за давање во употреба на објектот алтернативно водоснабдување „Дивјак“ од Министерството за транспорт и врски, истата да ја достават до надлежните од секторот за финансиски прашања како би се извршило соодветно евидентирање.

## 4.3. Користење на средства согласно законски прописи

### Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на општината за 2021 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со извршениот увид во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2020 и 2021 година, а по кои се преземени обврски во 2021 година, ревизијата опфати 91% од вкупната вредност на преземените обврски по договори за јавна набавка, односно од вкупно 32.507 илјади денари опфатени се 29.663 илјади денари.

4.3.1. Од позиција Капитални расходи исплатени се средства во износ од 2.000 илјади денари за набавка и поставување на бекатон плочки и ивичњаци. Со увид во документацијата го констатиравме следново:

- општината без спроведена постапка за јавна набавка со ЈКП „Комуналец“ Свети Николе има склучено договор за набавка и местење на бекатон плочки[10]. Вредноста на договорот е 2.000 илјади денари. Оваа состојба не е во согласност со член 4 и 5 од Законот за јавни набавки и придонесува на не обезбедување транспарентност, фер конкуренција и објективност при изборот на понудувачите што создава ризик од нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавни набавки и
- Исплатата на средствата е извршена 50% авансно согласно Анекс договор[11] а останатиот по издадена фактура. Со член 12 од договорот е предвидено дека плаќањето на договорените работи ќе се врши преку потпишана и заверена завршна ситуација од страна на изведувачот и нарачувачот додека конечната вредност на работите ќе се утврди со конечна пресметка која се изготвува помеѓу изведувачот и нарачувачот. Со ревизијата утврдивме дека плаќањето е извршено врз основа на фактура со прилог работен налог за извршените работи без комплетна документација како поткрепа за извршената работа (градежна книга, градежен дневник, завршен извештај од надзор) што не е во согласност со член 29 и член 36 од Закон за градење[12].

Не обезбедување на потребните документи за извршените градежни работи дефинирани со Законот за градење не обезбедуваат потврда за постапување и извршување на градбите согласно Законот и создаваат можност од одредени недостатоци кои би ги нарушиле основните барања на градбата.

Во 2022 година од страна на Општината овој вид на работи се вклучени во Годишниот план за јавни набавки за 2022 година, има спроведено постапка и склучено Договор број 1402-22/8 од 04.05.2022 година со добавувач.

**Препорака**

Одговорните лица во општината да преземат мерки и активности во насока почитување на законот за јавни набавки и обезбедување на комплетна документација за извршените градежни работи, што треба да се составен дел на секој проект, а врз основа на кои ќе се признаваат и евидентираат расходите.

---

[10] Договор број 0307-134/5 од 17.03.2021 година
[11] Анекс договор бр. 0307-134/5 од 05.05.2021 година
[12] Сл. весник на РСМ број 130/2009; 124/2010; 18/2011; 18/2011; 36/2011; 49/2011; 54/2011; 59/2011; 13/2012; 39/2012; 144/2012; 25/2013; 70/2013; 79/2013; 137/2013; 163/2013; 27/2014; 28/2014; 42/2014; 115/2014; 149/2014; 187/2014; 44/2015; 129/2015; 129/2015; 217/2015; 226/2015; 30/2016; 31/2016; 39/2016; 71/2016; 103/2016; 132/2016; 35/2018; 64/2018; 168/2018; 244/2019; 18/2020; 89/2020; 279/2020; 96/2021

### Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.2. до 4.4. од овој извештај, се однесуваат на: нема одредено одговорен сметководител, доделување на средства за активностите од областа на спортот, културата и за поддршка на невладиниот сектор без утврдени критериуми, недоставување извештаи од организациите за реализација на доделените средства од Буџетот на Општината, неизвршен попис на материјалните средства во подготовка, алтернативниот водоснабдителен систем „Дивјак“ кој е во употреба сеуште се води на позицијата материјални средства во подготовка и извршување на работи без спроведена постапка за јавна набавка и исплата без комплетна документација.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, освен за можните ефекти на прашањата изнесени во точките 4.3., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основниот буџет (637) на Општина Свети Николе на ден 31 декември 2021 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечка законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.4 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основниот буџет (637) на Општина Свети Николе, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 129.443 | 125.213 |
| **Вкупно приходи** | | 129.443 | 125.213 |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 35.256 | 33.133 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 526 | 610 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 29.684 | 28.991 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 13 | 42 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 18.421 | 6.798 |
| Социјални бенефиции | 3.2.6. | 1.454 | 1288 |
| **Вкупно тековни расходи** | | 85.354 | 70.863 |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 39.329 | 49.590 |
| **Вкупно капитални расходи** | | 39.329 | 49.590 |
| Отплата на главнина | 3.4. | 4.760 | 4.760 |
| **Вкупно расходи** | | 129.443 | 125.213 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2021

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.1. | 11 | 11 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 250 | 199 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 81.054 | 54.684 |
| **Вкупно тековни средства** | | **81.315** | **54.894** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 319.779 | 266.457 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.2. | 13.757 | 20.414 |
| **Вкупно постојани средства** | | **333.536** | **286.871** |
| **Вкупна актива** | | **414.851** | **341.765** |
| Пасива | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 3.227 | 15.110 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 649 | 734 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 158 | 182 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 2.926 | 2.837 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 14.137 | 20.743 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **21.097** | **39.606** |
| **Долгорочни обврски** | 4.4. | **73.974** | **35.702** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5. | 319.779 | 266.457 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **319.779** | **266.457** |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупна пасива | 414.851 | 341.765 |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2021 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2021 година | 260.923 | 5.534 | 266.457 |
| Зголемување по основ на: | 67.037 | 8.527 | 75.564 |
| Набавки | 67.037 | 8.527 | 75.564 |
| Намалување по основ на: | 14.579 | 7.663 | 22.242 |
| Амортизација | 14.579 | 7.663 | 22.242 |
| Состојба 31.12.2021 година | 313.381 | 6.398 | 319.779 |

Градоначалник на Општина Свети Николе
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0303-133/2
06.03.2023

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 09.03.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 29-215/7 | | |


**ДО**
**Државен завод за ревизија на**
**Република Северна Македонија**
**ул. Павел Шатев бр. 2**
**Палата Емануел Чучков**
**1000 Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Забелешки на Нацрт ревизорски извештај**

**Врска број: 29-215/5 од 06.02.2023год.**

Почитувани,

Во врска со Нацрт извештајот за извршена ревизија на финасиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година кај Општина Свети Николе СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637) доставен од страна на Овластениот државен ревизор од (ДЗР) имаме забелешка на точка бр: 4.3 Користење на средства согласно законските прописи Јавни набавки односно,

Точка 4.3.1 каде вика: Од позиција Капитални расходи исплатени се средства во износ од 2.000илјади денари за набавка и поставување на бекатон плочки и ивичњаци. Со увид во документацијата го констатиравме следново:

-Општината без спроведената постапка за јавна набавка со „ЈКП Комуналец„ Свети Николе има склучено договор за набавка и местење на бекатон плочки. Вредноста на договорот е 2.000илјади денари. Оваа состојба не е во согласност со член 4 и 5 од Законот за јавни набавки и придонесува на не обезбедување транспарентност, фер конкуренција и објективност при изборот на понудувачите што создава ризик од нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавни набавки.

Нашата забелешка на точка 4.3.1од Нацрт извештајот за извршена ревизија е следната: Општината договорот за набавка и местење на бекатон плочки со „ЈКП Комуналец„ Свети Николе го има склучено без спроведување на постапка за јавна набавка согласно член 24 од законот за јавни набавки Службен весник на РСМ бр: 24/19, и 87/21 )

Со почит,

**Дата:03.03.2023год.**

**Изработил/одобрил:**

**Помошник раководител на сектор за финансиски прашања м-р Мики Мишев** М. Мишев

**e-mail. mikimisev@yahoo.com**

**моб:076/234-427**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник**

**Дејан Владев**

РЕПУБЛИКА С... МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

**Прилог бр.3**

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 09.03.2023 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Свети Николе број 0303-133/2 од 06.0.2023 година, од страна на Дејан Владев–градоначалник на Општина Свети Николе, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29-215/7 од 09.03.2023 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**Сметка на основен буџет (637)**

1. Забелешката на констатиранaта состојба во точката 4.3.1. која се однесува на основот на склучување на договор помеѓу ЈКП „Комуналец“ Свети Николе и Општина Свети Николе, **не се прифаќа** поради не доставени дополнителни докази кои влијаат на утврдената состојба. Забелешката дека Договорот за набавка на местење на бекатон плочки со „ЈКП Комуналец„ Свети Николе го има склучено без проведување на постапка за јавна набавка согласно член 24 од Законот за јавните набавки, ревизијата го имаше во предвид во периодот на вршење на ревизијата.